# Годишен Извештај

# 2024

## Транспаренси Интернешнл-Македонија

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

# Мисија

Насочена кон анализа на националната легислатива, компаративна анализа и препораки за подобрување на законската рамка, детектирање на ранливости во законите и правната рамка коишто потенцијално овозможуваат корупција, анализа на системот на национален интегритет на Република Северна Македонија преку анализа на анти-корупциските столбови, соработка со клучни засегнати страни (државни институции, граѓански сектор, бизнис заедницата, медиумите, граѓаните)

## Главна цел

Да се воспостави систем на добро владеење за ефикасна превенција за борба против корупцијата

# Визија



Искоренување на корупцијата од македонското општество и воспоставување на систем на владеење на правото и општество во кое граѓаните и институциите се спротивставуваат на корупцијата и на незаконските политики

# Вовед

Транспаренси Интернешнл Македонија е национален органок на Транспаренси Интернешнл, глобалната граѓанска организација за борбата против корупцијата со над 100 национални органоци ширум светот. Организацијата е посветена на борбата против корупцијата и промовирање политики кои ги поддржуваат клучните реформи во политичката и социјалната сфера и игра значајна улога во подигнувањето на свеста кај граѓаните за корупцијата и важноста на укажувањето како ефективна мерка за зајакнување на напорите во борба против корупцијата. Успешното остварување на нашите цели е возможно преку ефикасна имплементација на проектите.

ТИ-Македонија моментално ги спроведува следните проекти: ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција; Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа и Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет. Континуирано ја зајакнуваме нашата соработка со домашни и странски владини и невладини организации и тела, поединци и групи, како и со медиумите кои се борат против корупцијата. Како резултат на ова, организацијата е членка на коалициите: Платформата на граѓански организации во борба против корупцијата, Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа и Коалицијата UNCAC (Коалицијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата).

# Проекти

- ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција
- Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа
- Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет
- Смарт Балкан програма: Оперативен грант
- Исполнување на ветувањата за укажувачите: одбрана на правата на граѓаните и спречување на корупцијата

# Коалиции

- Платформата на граѓански организации во борба против корупцијата
- Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа
- Коалицијата UNCAC

# Индекс на перцепција на корупцијата 2024

На почетокот на годината беа објавени резултатите од [Индексот на перцепција на корупцијата]() (ИПК) за 2024 година. ТИ-Македонија одржа прес-конференција на која беа презентирани резултатите. Северна Македонија е рангирана на 76-то место од 180 земји, со 42 поени. Оваа скала се движи од 0 (најкорумпирана) до 100 (најмалку корумпирана земја). Иако земјата напредуваше девет места во однос на рангирањето од претходната година, сепак кога се во прашање поените, бележи подобрување од само два поени во однос на 2022 година. Главни причини за тоа се недемократски направените измени на Кривичниот законик и политички мотивираните назначувања и разрешувања на судски функционери.

Одлуката за намалување на казните за злоупотреба на службената положба за лична корист и скратените рокови за покренување на постапка за сомнителни случаи на корупција, одат во корист на корумпираните: се проценува дека околу 200 случаи ќе бидат отфрлени, вклучително и оние против поранешни високи функционери.




Политички мотивираните назначувања и разрешувањата на судските функционери предизвикуваат дополнителна загриженост за способноста на судството ефикасно да се бори против корупцијата.

# Центар за правни совети на жртви и сведоци од корупција, со посебен осврт на укажувачите

Центрите за правни совети (АЛАК) се присутни повеќе од две децении во над 60 земји. Нивната примарна цел е да ги охрабрат поединците, како и приватните и јавните организации да пријават случаи на корупција и да ги поддржат во барањето правда.

Центарот за правни совети на ТИ-Македонија во 2024 година прими 155 пријави од граѓани кои храбро се спротивставија на разни видови коруптивни дејствија. Заложбите на граѓаните несомнено ќе придонесат за потранспарентно и пофер општество.

Начин на кој граѓаните пристапиле до АЛАК центарот најчесто е преку платформата [Пријави Корупција], следен начин на пристап е преку телефон и многу често граѓаните доаѓаат лично во нашата канцеларија. Потоа следат пријави преку платформите [GlobaLeaks] и [Ukazuvac.mk], преку нашата [Web] страна и [Facebook], но не отсуствуваат пријави и преку пошта.



Сумирано по градови, предводи Скопје, па следуваат Гостивар, Охрид, Штип и Битола. Останатите градови се опфатени со значително помал број на пријави.



Во изминатата година најмногу пријави биле примени во месец февруари, па јануари, март, април и септември, додека најмалку во октомври и ноември.

Традиционално најмногу поплаки и пријави се од областа на правосудството, потоа следуваат финансиите, образованието, здравството и локалната самоуправа, па царината, услужните дејности и јавните набавки. Останатите области се во помал процент за разлика од посочените, но не и со помало значење, напротив истите се показател дека граѓаните се охрабруваат да пријавуваат во сите области.









Во извештајниот период, ТИ-Македонија одржа четири настани за промоција на проектните активности и одржа средби со граѓаните во [Свети Николе](), [Радовиш](), [Теарце-Тетово]() и [Делчево]().

Граѓаните преку Канцеларијата за правна помош имаа можност да пријават корупција и неправилности во институциите. Тимот од канцеларијата постави штанд на кој граѓаните се информираа за активностите.

Канцеларијата за правна помош е воспоставена преку проектот: „Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа“, финансиран од Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Амбасадата на Франција во Северна Македонија и регионалниот проект СМАРТ Балкан – Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој го спроведуваат Centar za promociju civilnog društva (CPCD) од Босна и Херцеговина, Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) од Северна Македонија и Институтот за демократија и Медијација (ИДМ) од Албанија, а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

# ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција

## Барометар на корупција

ТИ-Македонија континуирано ги следи случаите и дејствијата поврзани со коруптивни однесувања и борбата против корупцијата. Како резултат на тоа, ТИ-Македонија започна да подготвува месечен Барометар на корупција.



Во Барометарот на корупција, случаите поврзани со борбата против корупцијата и владеењето на правото се поделени на „бистри“ и „матни“ настани. Следењето на овие настани доби голем одзив како од јавноста, така и од домашните и странските институции и со текот на времето прерасна во релевантен алтернативен барометар на корупцијата и на волјата на државата да се справува со овој проблем.

# Промоција на Националниот систем за интегритет

Транспаренси Интернешнл-Македонија го презентираше Националниот систем за интегритет на Република Северна Македонија. Националниот систем за интегритет се протега на 15 столбови кои ги опфаќаат главните институции кои се дел од системот за борбата против корупцијата.

По отворањето на настанот, почесната претседателка г-ѓа Тасева ги презентираше наодите од извештајот. Таа потенцираше дека македонскиот систем за национален интегритет продолжува да се карактеризира со доминација на извршната власт и слабоста на другите клучни институции.

Извршната и законодавната власт се особено силни во однос на нивниот капацитет, но слаби во однос на антикорупцијата и потребата да се подобри нивното внатрешно управување. Тасева меѓу другото ги истакна и најслабо и најдобро оценетите столбови. Најслаби столбови во македонскиот систем за интегритет се оние од кои се очекува да бидат водечки институции: Министерството за внатрешни работи, јавното обвинителство и судството. Најдобро оценети столбови според извештајот на Транспаренси Интернешнл-Македонија се Државниот завод за ревизија и Државна комисија за спречување на корупција. Последниот дел од настанот беше посветен токму на нив.



# “Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата со корупцијата”

Проект обезбеден од Balkan Trust for Democracy, поддржан од The German Marshall Fund of the United States и USAID – US Agency for International Development.

На 12.09.2024 година Транспаренси Интернешнл-Македонија организираше **Фокус група** како дел од проектот “Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата со корупцијата”. Учесниците во Фокус групата обезбедија продуктивна дискусија и конструктивни предлози за состојбите во заштитата на укажувачите во националното законодавство. Беа предложени препораки и конкретни решенија за подобрување на состојбите, кои ќе бидат вклучени во финалниот извештај за потребите на проектот.



# Одржана конференција во рамките на проектот: „Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата со корупцијата“

На 11.12.2024 година Транспаренси Интернешнл Македонија организираше конференција за промоција на регионален и национален извештај како дел од проектот: „Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата со корупцијата“. Настанот помина во одлична атмосфера од која произлезе продуктивна дебата потенцирајќи ги предизвиците со кои се соочуваат како укажувачите така и институциите надлежни за обезбедување на заштитата. На настанот учествуваа претставници од институции кои се назначени за примање на пријави од стана на укажувачи.




Регионалниот и националниот извештај на англиски јазик може да се погледне тука.

# Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет




## База на податоци за политичко финансирање

Во ера на дигитализација достапноста од отворени податоци е од исклучителна важност и за борбата против корупцијата. Транспаренси Интернешнл- Македонија во рамките на проектот: „Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“ ќе подготви податочен сет за политичко финансирањње. Партиите имаат право да добиваат јавни средства за редовното функционирање и за изборните активности, а исто така може да се финансираат и од приватни донации и членарини.

Видеото може да го погледнете на овој **линк.**

# База на податоци за јавни набавки




Едно од полињата кое е многу подложно на корупција се и јавните набавки. База на податоци којашто ќе го покрива ова поле ќе биде подготвена. Секоја земја треба да воспостави ефективен систем за јавни набавки, којшто е отворен и транспарентен и доволно силен за да спречи корупција. Подготвената база на податоци ќе овозможи лесен преглед на огласите за јавни набавки и доделените договори објавени од релевантните институции.

Видеото може да го погледнете на овој **линк**.

# База на податоци за добиени концесии за истражување на минерални добра и изградба на мали хидроцентрали

Транспаренси Интернешнл- Македонија ќе подготви база на податоци во која ќе вклучи информации за добиени концесии за истражување на минерални добра и изградба на мали хидроцентрали. Потребни се отворени податоци и лесен преглед на доделени концесии за да се информираат граѓаните и сите засегнати страни за ова исклучително прашање. Отвореноста на овие податоци има јасна релевантност поради економските и еколошките последици од овие одлуки.

Видеото може да го погледнете на овој **линк**.



# Јавни реакции

## Реакција по извештајот за извршен увид во Агенцијата за филм

Транспаренси Интернешнл-Македонија ги поздравува **извештајот и иницијативата** на Министерството за култура, коешто одлучи јавно и транспарентно да укаже на нерегуларностите коишто се случувале во Агенцијата за филм, но укажува на тоа дека конкретни мерки сѐ уште нема. Агенцијата има стопирано исплата на средства за веќе потврдени филмски проекти, а од што филмските уметници сѐ уште се соочуваат со штетни последици.

Поради тоа, а на основа на овој извештај и сите претходни извештаи во врска со проблемите во Агенцијата за филм, ја повикуваме Владата и идниот министер за култура да се посветат на итно преземање на мерки и активности за разрешување на овие состојби, особено имајќи го предвид фактот дека филмските работници се од исклучително значење за промоција на македонските вредности кон надвор.

## Реакција за извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година

Во извештајот недостасуваат информации за примена на Законот за заштита на укажувачи. Транспаренси Интернешнл-Македонија ја изразува потребата од **јавна реакција** во врска со Извештајот за работа на јавните обвинителства во РСМ за 2023 година. Имајќи го предвид Законот за заштитата на укажувачите, Јавното обвинителство (ЈОРМ) има доделени надлежности да воспостави безбедносен канал за надворешно пријавување од страна на укажувачите. Дополнително, согласно законот, Обвинителството е една од институциите којашто е надлежна да обезбеди заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие, или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување. Последниот годишен извештај за 2023 година, којшто беше јавно објавен и поднесен во Собранието, не содржи ниту една информација којашто се однесува на поимот укажувач.

# Македонија чекор напред во заштитата на укажувачите



Претставник на Транспаренси Интернешнл Македонија, како дел од Платформата на граѓански организации во борбата против корупцијата беше дел на **работната група** за подготовка на Предлог на закон за заштита на укажувачи формирана од Министерството за правда и придонесе со своето знаење и експертиза за подобрување на правната рамка за заштитата на укажувачите.

# Настани

## Годишен состанок на Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа

Годишниот состанок на Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа, чиј домаќин беше членката на коалицијата – Граѓанска Алијанса Црна Гора, се одржа на 21 март 2024 година во Подгорица, Црна Гора.

Претставник на ТИ-Македонија на состанокот на Коалицијата беше генералниот секретар Методи Зајков. На настанот присуствуваа членовите на Коалицијата за заштита на укажувачи на Југоисточна Европа, претставници од државните и јавните институции во Црна Гора и други клучни фигури од граѓанското општество во областа на укажувачите и антикорупцијата. Состанокот беше отворен со воведни зборови, мотивациски говор и со доделување на наградите за слободен говор на Коалицијата.



Коалицијата активно се залага за транспонирање на ЕУ Директивата 2019/1937 за заштита на укажувачите во националните закони во југоисточна Европа преку поддржувачки пристап и истакнување на придобивките од овој процес.

# Средба со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија



Почесниот претседател Слаѓана Тасева и Генералниот Секретар Методи Зајков на Транспаренси Интернешнл-Македонија на 13.02.2024 година **остварија средба** со Републичкиот Јавен Обвинител Љупчо Коцевски во просториите на обвинителството. Во текот на дискусијата беа разгледани можностите за проширување на меѓусебна соработка. ТИ-Македонија ги презентираше наодите од последното истражување на Систем за Национален Интегритет, продлабочување на меѓусебната соработка за имплементирање на систем за внатрешните и надворешните канали за заштетитено пријавување на укажувачи како и за можната заедничка соработка во следење на изборниот процес. Јавниот обвинител Коцевски информираше за состојбата и активностите поврзани со обвинителството и најави поголема транспарентност и отчетност. На средбата се разговараше за поголемо присуство на граѓанскиот сектор во процесите на создавање на законска регулатива која што ја опфаќа борбата против корупцијата.

## Средба со министерот за внатрешни работи



Претставници на ТИ- Македонија **остварија средба** со министерот за внатрешни работи Панче Тошковски - На 08 октомври 2024, претседателот на невладината организација „Транспаренси Интернешнл – Македонија“, Благоја Пандовски заедно со генералниот секретар Методи Зајков и Марија Сунчевска, програмски менаџер остварија средба со министерот за внатрешни работи Панче Тошковски. Средбата доаѓа во време кога Министерството за внатрешни работи се залага максимално и ги става на располагање сите свои капацитети за бескомпромисна борба против корупцијата на високо ниво и оттука и двете страни ја оценија како навистина потребна и продуктивна.

## Стопанската комора и Транспаренси Интернешнл потпишаа Договор за соработка, кој предвидува заедничка борба за намалување на корупцијата




Стопанската комора и Транспаренси Интернешнл – Македонија заеднички ќе се борат за намалување на корупцијата. Тоа го предвидува **Договорот за соработка** што во просториите на Комората го потпишаа претседателот на Стопанската комора Бранко Азески и претседателот на Транспаренси Интернешнл Благоја Пандовски.

## Партнерството помеѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации во борбата против корупцијата

По повод 9-ти декември, светски ден за борба против корупцијата Стопанска Комора на Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл – Македонија организира настан на тема “Партнерството помеѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации во борбата против корупцијата”. Корупцијата е двонасочен процес и во неа може да се вклучени и институциите и бизнис секторот заради што и двата чинители треба да бидат активно вклучени во борбата против корупцијата, е заклучокот од денешниот настан . Беше нагласено дека дигитализацијата е добар начин за борба против корупцијата и дека таа треба да претставува клучна алатка за борбата против ова зло кое го кочи развојот на земјата заедно со координацијата меѓу институциите.



# Презентација на Националниот систем за интегритет на Република Северна Македонија во Делчево




Транспаренси Интернешнл-Македонија денеска одржа **настан** во Делчево на којшто го презентираше „Националниот систем за интегритет на Република Северна Македонија“, извештај којшто содржи анализа на состојбата со столбовите на интегритет на државата во однос на корупцијата и ефективноста на националните напори за справување со корупцијата. Извештајот беше работен во текот на 2022 и 2023 година, во рамки на проектот ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција, кој е финансиран од Европската Унија и Владата на Швајцарија.

Претседателот на ТИ-Македонија, Благоја Пандовски ги презентираше резултатите од анализата, како и дадените оценки за 15-те столбови, коишто се дел од државното уредување на земјата, а ги истакна и дадените препораки.





## Одржано Собрание на Платформата на граѓански организации за борба против корупција

Платформата на граѓански организации за борба против корупција на 7-ми јуни во Струга одржа редовно **годишно собрание** на кое се дискутираа следните приоритети и активности на мрежата. Оваа седница на Собранието беше и изборна на која се избраа членови на Одборот на Платформата како и Секретаријат. За членови на Одборот на Платформата беа избрани претставници од: Институтот за демократија „Социетас цивилис“- Скопје, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Центар за граѓански комуникации, Транспаренси Интернешнл-Македонија, Асоцијацијата за демократска иницијатива, Коалиција Сите за правично судење, Метаморфозис и Центар за истражување и креирање политики.

## Одржана работилница за резолуциите донесени на 10та Конференција на земјите-страни на УНКАК, декември 2023

На 5 и 6 јуни 2024 во Струга беше одржана **работилница** за резолуциите донесени на 10та Конференција на земјите-страни на УНКАК, декември 2023. Оваа работилница беше одржана во партнерство на проектите: „ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција“, финансиски поддржан од Европската Унија и Владата на Швајцарија и програмата Граѓаните против корупцијата, финансирана од Американската агенција за меѓународен развој во Република Северна Македонија УСАИД.

# Претставници на Транспаренси Интернешнл-Македонија на 21-та Меѓународна конференција за антикорупција

Од 18-ти до 21-ви јуни во Вилниус, Литванија се одржа 21-та Меѓународна конференција за антикорупција. Меѓународната конференција за борба против корупцијата (IACC) е врвен светски глобален форум за здружување на шефовите на држави, граѓанското општество и приватниот сектор на кој се дискутираат предизвиците во борбата против корупцијата. Овие конференции имаат за цел да ја унапредат антикорупциската агенда преку подигање на свеста и стимулирање на дебата.




Тоа поттикнува вмрежување и глобална размена на искуства кои се неопходни за ефективно застапување и дејствување, како на глобално, така и на национално ниво. Конференциите, исто така, ја промовираат меѓународната соработка меѓу владите, граѓанското општество, приватниот сектор и граѓаните преку обезбедување можност за дијалог лице в лице и директна врска меѓу претставниците од агенциите и организациите кои учествуваат.

## Пандовски учесник на Националната конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија

Благоја Пандовски, претседател на „Транспаренси Интернешнл-Македонија“ беше дел од 4-та сесија на Работната група 6 „Антикорупција“ (Поглавје 5-Јавни набавки; Поглавје 18-Статистика; Поглавје 32-Финансиска контрола) на тема: „Податоци на кои им веруваме: Предуслов за посилна економија и ефикасна борба со корупцијата“, која се одржа во Скопје, во организација на Европско движење во Република Северна Македонија во рамките на проектот Национална конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија (НКЕУ-МК).




## Средба на ДКСК со претставниците на граѓанскиот сектор

Претседателката и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), одржаа средба со претставниците на граѓанскиот сектор – членки на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, во состав: Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, Хелсиншки комитет за човекови права, Транспаренси Интернешнал Македонија и Здружението Конект.



## Присуство на претставници на Транспаренси Интернешнл Македонија на работилница за политичко финансирање и интегритет во Берлин

Работилницата за политички интегритет: Интегритет на политичкото финансирање се одржа на 24-ти и 25-ти октомври 2024 година во Берлин, Германија. Кампот беше организиран од страна на Секретаријатот на Транспаренси Интернешнл и ОБСЕ- ОДИХР, а учествуваа повеќе од 40 претставници од националните ограноци на ТИ, ОБСЕ, национални институции, професори и други релевантни чинители-експерти од областа на финансирањето на политичките партии. За време на работилницата се отворија различни теми, а ТИ-Македонија ја претставуваа Генералниот Секретар Методи Зајков и Марија Сунчевска, програмски менаџер.



## Регионален состанок на Транспаренси Интернешнл за ограноците од Европа и Централна Азија се одржа во Трнава, Словачка

Во периодот од 25 до 27 септември 2024 година Транспаренси Интернешнл одржа **регионален состанок** во Трнава, Словачка. На состанокот беа присутни 40 претставници од Европа и Централна Азија. Претставник од Транспаренси Интернешнл-Македонија беше Методи Зајков, Генерален секретар.

Целта на регионалниот состанок на претставниците на ограноците за Транспаренси Интернешнл од Европа и Централна Азија беше да ги разменат и истражат можностите за заеднички акции, поврзување и споделување на најдобрите практики и предизвици и развој на нови иницијативи. Како одговор на актуелните предизвици во регионот, основната тема на регионалниот состанок во 2024 година ќе биде падот во демократијата и владеењето на правото.



# Претседателот на ТИ-Македонија, г-дин Пандовски одржа сесија за интегритет на настан организиран од Советот на Европа

Кривичното дело трговија со луѓе со цел трудова експлоатација и понатаму е недоволно детектирано, што од друга страна ги лишува жртвите од заштита на нивните права согласно Конвенција на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе. **Меѓуинституционалната соработка** на чинителите во борбата против трговија со луѓе е од суштинско значење за ефективно откривање на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација и за проактивно идентификување и заштита на жртвите на ова кривично дело.




Од 19 до 21 февруари 2024 , во Струмица, како дел од заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија“ беше спроведена мултидисциплинарна обука за трудови инспектори и други релевантни чинители. Во овие рамки, триесетина чинители од полето на борба против трговија со луѓе ги зајакнаа своите капацитети за откривање и истражување на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.

## Одржана конференција за Отворено Владино Партнерство во Тирана




На 14-ти и 15-ти ноември во Тирана беше **одржана конференција** за зајакнување на отвореното владино партнерство. Конференцијата беше одржана со поддршка на албанската влада, Отворено владино партнество и регионалната академија за јавна администрација. На овој настан присутсвуваа министри, парламентарци, јавни службеници и претставници на граѓанските организации од Западен Балкан. Во текот на овие два дена беа споделени мислења, искуства и предизвици со кои земјите се случуваат при имплемнтација на обврските од отвореното владино партнерство (ОВП).

## Организирана конференција на тема: „Регионална размена за зајакнување на системите и практиките за финансирање на кампањи“



**Претставник** на Транспаренси Интернешнл-Македонија, г-ца Марија Сунчевска учествуваше на конференцијата: „Регионална размена за зајакнување на системите и практиките за финансирање на кампањи“ организирана од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) одржана во Варшава на 21 и 22 февруари 2024 година. На конференциите беа презентирани различни перспективи и добри практики во регулирањето на финансирањето на политичките партии и финансирањето на кампањите. Експерти од Западен Балкан и пошироко споделија информации за домашната правна регулатива и нејзината примена во пракса.

# Интервјуа/ТВ дебати

- Благоја Пандовски гостин во **„Аргумент плус“** на ТВ 24 - Благоја Пандовски на 18.03.2024 гостуваше во „Аргумент плус“ на Телевизија 24. Пандовски во емисијата разговараше на повеќе теми: извештајот на ГРЕКО којшто се однесува на спречување на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите, потоа ставањето на црната листа на САД на градоначалникот на Карпош, Стевче Јакимовски и екс специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, како и за Барометарот на корупција, месечната активност која ТИ-Македонија ја спроведува за следење на случаи и дејствија поврзани со коруптивни однесувања и борбата против корупцијата.

- **Пандовски во „Топ тема“**: На хартија мед и млеко, но како ќе се спроведат ветувањата за борбата со корупцијата? - Благоја Пандовски на 17.05.2024 гостуваше во „Топ Тема“ на Телма ТВ: На хартија мед и млеко, но како ќе се спроведат ветувањата за борбата со корупцијата? На оваа тема разговараше со Снежана Камиловска Трповска од МЦМС и Владимир Туфегџиќ, поранешен судија. Не верувам дека политичарите во овој момент ќе се откажат од привилегии во име на борбата против корупција и доброто владеење, меѓутоа доколку сакаат да обезбедат една независност и стручност на тие служби, тие би требале да се откажат од политички назначувања на раководни функции, со цел да се дозволи најдобрите луѓе во државата да дојдат на позициите со кои треба да раководат, истакна Пандовски. „Тука меритократијата, пред сѐ, треба да ја заземе главната улога, односно да се измери нивното постигнато, нивното образование, нивните квалификации и на еден поопшт избор, со јавни огласи, да се назначат тие места. На тој начин, не само што ќе се обезбеди стручност на тие раководни позиции, туку ќе се избегне и клиентелизмот кој тие назначени позиционери, да ги наречеме, го имаат кон оние кои ги назначиле“, потенцираше Пандовски.

- Благоја Пандовски гостин во информативната емисија **„За или Против“** на Алфа ТВ - Благоја Пандовски на 05.08 гостуваше во информативната емисија „За или Против“ на телевизија Алфа. Тема на емисијата беше „корупцијата во Македонија“. Пандовски го истакна својот став за причините за распростанетоста на корупцијата во државата, а исто така даде осврт и на актуелните настани од претходниот период коишто беа дел од Барометарот на корупција, редовната месечна активност на Транспаренси Интернешнл-Македонија за следење на случаи и дејствија поврзани со коруптивни однесувања и борбата против корупцијата, наречена „Бистро-Матно“.

- **Изјава на Пандовски за состојбата во судството** - Врховен судија лежи во затвор за мито, виш обвинител е под исрага и суспензија за злоупотреба и малтретирање на вработени, судир на интереси кај членовите на Судски и Обвинителски совет. И покрај тоа што судството пука по сите шафови и Европската унија како и сите домашни институции и организации постојано критикуваат за состојбата, тоа не допира до судиите и обвинителите. Спас од состојбата се радикални промени. И тоа итни законски измени, разрешувања на судии и обвинители без интегритет и воведување на силни контролни механизми, предлага претседателот на Транспаренси Интернешнл, Благоја Пандовски.

- Пандовски – Без нов Изборен законик нема да се намали корупцијата - Благоја Пандовски гостуваше во неделното интервју на **Радио Слободна Европа.** Пандовски разговараше за препораките на ОБСЕ/ОДИХР за финансирање на партиите и укинување на државно платени политички реклами и Изборниот законик, за Индексот за перцепција на корупцијата, како и за други актуелни теми.

- Благоја Пандовски во **„Топ Тема“** на Телма ТВ: Каде затајува борбата со корупцијата? - Благоја Пандовски на 29.03.2024 година гостуваше во Топ Тема на Телма телевизија, кадешто разговараше на тема: Каде затајува борбата со корупцијата? Благоја Пандовски и Татјана Димитровска, претседателката на Државната комисија за спречување на корупција дискутираа за тоа какви ризици од злоупотреби демнат во пресрет на изборите, дали има прекршувања на изборниот законик, а го коментираа и проширувашето на американската црна листа. Недавањето на потребните информации на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), не е само неетичко однесување од имателите на тие возила, туку тоа е кршење и на законот, рече Благоја Пандовски, претседател на Транспаренси Интернешнл-Македонија, во дебатата во „Топ тема“ на Телма ТВ.

- Почесниот претседател на ТИ-Македонија, г-ѓа Тасева за **ТВ 24** на тема: (зло) употреба на државни ресурси за партиски агенди - Почесниот претседател на ТИ-Македонија, г-ѓа Слаѓана Тасева даде свое видување за ТВ 24 на тема: (зло) употреба на државни ресурси за партиски агенди. Г-ѓа Тасева потенцираше дека недостасуваат механизми за контрола поради што е тешко да се откријат и докажат злоупотреби од ваков тип. „Еден градоначалник ни испрати многу гордо, документи и фактури дека се е платено за тоа што било нарачано од политичката партија да се купи за партијата. И самиот градоначалник не бил свесен дека со тоа прави кривично дело, и не извести дека секако дека тој купил со пари од општината на граѓаните. Нашата кривична пријава која ја доставивме до Јавното обвинителство против одговорниот во тој изборен штаб беше отфрлена со образложение дека партијата ги надоместила тие средства“ – истакна г-ѓа Тасева.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA